

ОПШТИНА КУМАНОВО

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
КУМАНОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Чест ни е да ви ја претставиме Програмата за локални избори 2025 година, со цврста решеност да ја спроведеме во следниот четиригодишен мандат. Гаранција за тоа ќе бидат советниците од нашите листи, со кои за првпат се појавуваме пред јавноста и истите се истакнати професионалци во своите професии, посветени работници и, пред сè, чесни луѓе.

Инаку, Куманово е општина втора по големина во Република Македонија, која подолг временски период се соочува со бројни проблеми од повеќе сфери, почнувајќи од инфраструктурни и еколошки, намален економски развој, па сè до недоволен културен и социјален живот.

Во таа насока, со цел подобро функционирање на општината, во текот на месец август и септември 2025 година, Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ преку своите кандидати за советници оствари низа посети во месните комитети со директни разговори со граѓаните, со цел собирање предлози и идеи кои директно ги засегаат граѓаните на општината.

Најголем дел од проблемите се однесуваа на подолу наведените области, каде истите се сублимирани и ставени како приоритетни цели кои треба да се реализираат во наредниот период 2025-2029 година.

Во согласност со економската програма на ВМРО-ДПМНЕ за следните четири години, ќе се обезбедат финансиски средства за низа капитални проекти за кои граѓаните и локалната деловна заедница имаат голема потреба.

За првпат Владата на РМ, предводена од премиерот професор д-р Христијан Мицковски, одобри рекордна сума од 814 милиони евра за развој на Општина Куманово, поточно за конкретни проекти кои во голем дел веќе се започнати и во тек е нивна реализација, додека по локалните избори ќе продолжат и останатите проекти кои опфаќаат реконструкција на регионални патишта, улици, гасоводни мрежи, училишта, спортски игралишта, изградба на градинки и уште многу други проекти кои треба да се завршат во рамките на четиригодишниот мандат.

Со ова ВМРО-ДПМНЕ покажува дека ќе остане посветена на соработката меѓу централната и локалната власт и на соработката меѓу општините како услов за обезбедување поквалитетни и поекономични услуги за граѓаните, но и на соработката за подготовка на заеднички проекти, кои ќе бидат конкурентни во обезбедувањето средства од фондовите на Европската Унија.

Ние сме должни да одговориме на барањата на секој граѓанин, затоа што како локална самоуправа само менаџираме, а не располагаме со народните пари, и со тоа нашата одговорност е огромна, нашата транспарентност ќе биде секојдневна, а нашата визија за успешен град – најсветла водилка во остварувањето на секој замислен проект.

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Владимир Михајловски - Носител на листа
2. Христина Божиновска
3. Ивана Лазаревска
4. Сања Јакимовиќ Петковска
5. Иван Димитриевски
6. Тони Димитриевски
7. Сашо Томиќ
8. Анастасија Гроздановска
9. Филип Саревски
10. Бобан Серафимовски
11. Дарко Живковски
12. Елена Јаневска
13. Бобан Кипријановски
14. Оливера Стефановска
15. Дарко Давитковски
16. Срѓан Милевски
17. Марија Бајдевска Спирковска
18. Горан Ѓориевски
19. Каролина Андоновиќ
20. Тони Милошевски
21. Андријана Ивановска Спасиќ
22. Бране Јовановски
23. Драган Петровиќ
24. Драгана Стојановска
25. Марин Николовски
26. Александар Стојановски
27. Елеонора Крстевска
28. Александар Димитријевски
29. Зора Саздовска
30. Томислав Арсовски
31. Мартина Ристовска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

- **Менување на постоечки азбестни цевки во градскиот водоводен систем и изградба на водоводна и канализациона мрежа во сите приградски и рурални средини;**
- **Довршување на реконструкцијата на театарот;**
- **Дигитализација на сите јавни претпријатија и јавни установи да бидат ставени во единствен информациски систем;**
- **Изградба на објекти за одржување на саемски манифестации.**



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Развојот на урбаната инфраструктура е темел на секоја општина и е неопходен клуч за обезбедување основни услуги за граѓаните како транспорт, регионално поврзување, креативни решенија за поквалитетен урбан живот и обезбедување практични услови за социјален развој. Со соодветен и планиран развој на урбаната инфраструктура, преку промена и донесување на Деталните урбанистички планови, ќе овозможиме жителите да уживаат подобри услови, да живеат поздраво, а градот стратешки да се развива во посакуваниот правец. Ние ќе инвестираме во развојот на урбаната инфраструктура за да обезбедиме подобар животен стандард на луѓето, додека истовремено иновираме со стандардите за напредок на модерната инфраструктура.

- Целосно завршување и донесување на Генерален урбанистички план како приоритет, по што ќе бидат изготвени детални урбанистички планови во рамките на ГУП, со што ќе се постигне реална законска можност градот урбанистички и функционално да се прошири без оптоварување на постојната инфраструктура. (Да се предвидат една до две населби – **Зелен рид** до **Биљановце**; **Карпош** до **Костурница**; **Карпош** до **Ајдучка чешма**).
- Изградба на две катни гаражи во централното градско подрачје (и ослободување на тротоарите од возила).
- Набавка на специјализирана комунална опрема и возила за одржување на хигиената на јавните површини. Селектирање на отпад.
- Изградба на мини-пазари во поголеми населени места.

# Б. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Локалната економија, унапредувањето на работните места и квалитетот на животот ги разгледуваме како централни прашања во јавната политика и затоа нудиме можности за вмрежување, промоција на партнерства, синергии и можности. Нашата визија е Куманово да стане познат како град на традиција, иновации и големи инвестиции. Општина Куманово ќе инвестира во стратегија за привлекување компании, отворање работни места и поттикнување на иновации, со цел да се промовира диверзификација на локалната економија и социо-економски развој, прилагодени на динамиката на сегашната економија, обележана со глобализација и дигитализација. Нашата визија е да го олесниме задржувањето на луѓето, отворањето работни места и освојувањето нови пазари за компаниите, производите и услугите. Куманово ќе стане двигател на економски иновации, кои ќе претставуваат збир на вештини и услуги. Ќе ги користиме локалните капацитети за промоција и ќе овозможиме нивна употреба за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

- Регулирање на сообраќајниот метеж во градот.
- Урбана градина во Куманово за одгледување зеленчук и зачини во градски услови.
- Поддршка на локални производители преку месечен тематски пазар „Од Куманово за Куманово“.



# В. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Во насока на подобрување на условите и образовниот процес во основните и средните училишта во текот на 2026 и 2027 година, предвидени се проекти со конкретни активности и тоа:

- Адаптирање и реконструкција на **Пионерски дом**.
- Реновирање на тоалетите и санитарните јазли во основните и средните училишта.
- **ООУ „Крсте Петков Мисирков“** | Реконструкција на спортската сала на училиштето.
- **ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“** | Реконструкција и адаптација на училишен објект.
- **ООУ „Карпош“** | Адаптација на училишен објект со цел овозможување услови за едносменска настава.
- **ООУ „Христијан Т. Карпош“** | Изградба на нов објект - Спортска сала.
- **ООУ „Кирил и Методиј“ Агино Село** | Изградба на нов објект - Спортска сала.
- **ООУ „Толи Зордумис“** | Реконструкција на спортска сала: кров, спортски под, внатрешни ѕидови (сала), санитарии, гардероби, надворешна столарија, електрика / осветлување.
- **ООУ „Наим Фрашери“** | Реконструкција на спортска сала: кров, спортски под, под (кабинет, склад за опрема).
- **СОУ Гимназија „Сами Фрашери“** | Доградба на училишен објект.
- **ООУ „Антон Зако Чајупи“** | Доградба на училници и санитарни јазли со цел овозможување услови за едносменска настава.

# Г. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Технологијата помага да се постигнат низа цели, за подобро функционирање на заедницата, а во исто време да се намали губењето на ресурси на микрониво. Општините низ целиот свет експериментираат со широк спектар на паметни технологии, кои се фокусирани на решавање реални проблеми и даваат можности што имаат смисла за сите граѓани. Куманово ќе се стреми да стане паметен град, затоа што целта е да им се обезбедат на луѓето најдобри решенија за нивните секојдневни потреби. Овој концепт се фокусира на одржливост, заштеда на ресурси и обезбедување подобра иднина.

- Воведување унифициран електронски систем за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), кој ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ што влегува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид до која фаза и кај кој вработен се наоѓа документот.
- Измена на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Куманово.
- Дигитализација на архивското работење на Општинската администрација.



# Д. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Општина Куманово е спортски град, кој дал и сѐ уште дава многу поединци и спортски клубови, кои го афирмираат Куманово, како на домашно, така и на меѓународно ниво. Спортот ќе го поддржуваме од градинките, основните и средните училишта, односно нашата цел е да ги поттикнеме граѓаните да спортуваат во текот на целиот живот. Ќе создадеме спорт со посебен акцент и поддршка на сите видови спортови: поединечен и колективен спорт, рекреативен и масовен спорт – преку создавање услови, односно изградба на патеки за пешачење, трчање, велосипедизам, ролери, отворени фитнес-зони, скејт-парк, планинарски спорт, ќе создадеме услови за патеки за пешачење, зимски пешачки патеки, трчање, велосипеди, off–road велосипедска патека, но со голем интерес кон репрезентативниот, односно врвен и професионален спорт, со крајна цел исполнување на олимписки норми за учество на летни олимписки игри.

- Изградба на спортски игралишта во населени места.
- Оживување на спортските клубови на подрачјето на Општина Куманово со посебен акцент на фудбалот и ракометот.
- Реконструкција на постоечките фудбалски терени и изградба на нови.
- Субвенционирање на членувањето во општинските спортски клубови за млади лица.

# Ѓ. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Чистата и безбедна средина е неопходна за напредок на општината. Затоа, имаме визија како преку интегриран пристап да го заштитиме здравјето на луѓето и да создадеме здрава животна средина.

- Реализирање на проектот „Дрво за секој жител“.
- Изградба на детски катчиња со мали паркови
- Поставување клупи, осветлување на улиците и звучна сигнализација на улиците.
- Да се изгради стационар за бездомни животни.
- Чистење на речното корито на реката **Кумановка** и **Којнарка**.
- Поставување банкомати за рециклирање лименки и пластика на соодветни места.
- Субвенционирање за поставување високоенергетски фасади во централното градско подрачје.



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Во соработка со бизнис-секторот, ќе разгледаме локации и ќе создадеме услови за развој на туризмот на подрачјето на Општина Куманово.

- Регулирање на сопственоста на чешмите во с. **Проевце**, нивно чистење и реконструкција.
- Стимулирање на бизнис-секторот за отворање мали селски домаќинства со цел промоција на традиционалните вредности и култура на подрачјето на Општина Куманово.

# Ж. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Поддршка на проекти од областа на културата, кои ќе придонесат за развој на културата во градот и поголема афирмација и презентација на културното наследство, ќе се реализира преку:

- Зачувување на културното наследство.
- Обнова и заштита на споменици од Народноослободителната борба (спомен-бисти, спомен-плочи и спомен-обележја).
- Поддршка за млади културни уметници преку отворање културни секции во Дом на култура како: театар, музика, модерен балет, танци, народни танци, уметнички друштва и др.
- Заштита на објекти кои претставуваат културно наследство како: **Соколана**, **Хотел Куманово**, **Занаетчиски дом**, **Нагорички сокак**...

## Поддршка за фестивали:

- Фолклорен фестивал
- Филмски фестивал
- Џез-фестивал
- Тамбурашки фестивал
- Денови на комедија
- Фестивал на класична музика
- Детски фестивали

## Ликовна уметност:

- Отворање галерија на современа уметност (постојана поставка) со дела на реномирани македонски автори.
- Обнова на Друштвото на ликовни уметници на Куманово.

## Музеи:

- Модернизација на Националната установа **Музеј Куманово**, која ќе придонесе за популаризација на културното наследство на Куманово.
- Отворање Конзерваторски центар, кој ќе придонесе за зачувување на културното наследство.

## Туристичка информативна мрежа:

- Отворање туристичко-информативен центар.
- Изработка на туристички мапи со културно-историски споменици, локалитети и ресторани.
- Поставување информативни табли низ градот со мобилна апликација на која ќе бидат прикажани културно-историски споменици, локалитети, виртуелни тури, ресторани и културни настани во тековен период.
- Создавање кумановска културна патека, која ќе ги поврзува сите значајни објекти и локалитети.
- Организирање гастрономски фестивали со кои ќе се промовира Куманово (култура, туризам, традиција).



# 3. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Општество во кое вреди да се живее, своите основни вредности ги базира на социјалната и здравствената политика, при што обезбедува еднаквост на можностите, солидарност и учество. Долгорочните инвестиции во социјалните и здравствените политики во општеството промовираат одржлив развој и економски раст. Образовните, здравствените и системите за социјална заштита им овозможуваат на луѓето можност да се развиваат од сопствените ресурси и да живеат самостојно. Следејќи ги овие основни принципи за задоволување на правата на граѓаните, ќе создадеме еднакви услови за задоволување на потребите на секој жител на Општина Куманово.

Во таа насока, ги предлагаме следниве мерки:

- Формирање социјален пункт за привремено згрижување на социјално ранливи категории, кој ќе понуди храна, сместување, облека и сл.
- Изградба на Регионален мал групен дом за лица со попреченост и социјална грижа за инвалидите.
- Пристапни рампи за лица со попреченост во институциите и на тротоарите.
- Зголемување на капацитетот на старечкиот дом **„Зафир Сајто“** и подобрување на условите во него.
- Партнерско уредување на **ЈЗУ Општа болница Куманово**, реконструкција на коловозите во болницата, како и хортикултурно уредување на парковите во болницата, со цел истите да ги користат пациентите и населението од тој реон.
- Објектите кои се во сопственост на јавните здравствени установи, кои не се функционални и доволно искористени, да бидат преадаптирани и доделени на користење на Општина Куманово и урбаните заедници, со цел да се спречи нивно пропаѓање.

# S. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Општината ќе обезбеди активно вклучување на граѓаните преку јавни форуми и дебати, со цел тие да ги препознаат приоритетите. Ќе се воспостават механизми за соработка и финансиска поддршка со заедницата, редовно ќе се анализира задоволството на граѓаните, а младите и бизнис-секторот ќе бидат вклучени во заеднички иницијативи. Општинската администрација ќе ги зајакне своите капацитети, ќе спроведува контрола и ревизија на јавните трошоци и транспарентно ќе го креира буџетот и програмите.

## Општински совет за граѓански иницијативи

Формирање совет составен од претставници на здруженија, младински организации и бизнис-секторот, кој ќе предлага приоритети и ќе учествува во креирањето на општинските програми.

## Фонд за мали грантови „Куманово заедно“

Поддршка на локални граѓански организации преку финансиски грантови за проекти во областа на културата, спортот, екологијата и социјалната заштита.

## Волонтерски центар Куманово

Центар за координација на волонтерски активности, кој ќе вклучува млади и возрасни во општинските акции – културни настани, спортски манифестации, еколошки акции и социјална помош.

## Платформа за транспарентност и учество

Дигитална алатка преку која граѓаните ќе можат да даваат предлози, да гласаат за приоритетни проекти и да ја следат реализацијата на буџетот и општинските програми.

## „Граѓани за зелено Куманово“

Партнерство со еколошки здруженија за пошумување, создавање нови зелени површини и промоција на селекција на отпад, со вклучување на училиштата и месните заедници.

ВМРО-ДПМНЕ